Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 01-102/1
23.02 2023 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА - 2022

(од 01.01 до 31.12.2022г.)

## - НАРАТИВЕН ДЕЛ -







СКОПЈЕ, февруари 2023

# СОДРЖИНА


*Вовед*

I. ПРОЕКТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА - 2022

II. ТЕКОВНИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

1. *Непланирани увиди во постојна состојба*
2. *Стручна контрола на конзерваторски проекти*
3. *Вршење Конзерваторски надзор*
4. *Прием на изведени работи на непосредна заштита*
5. *Изработка на заштитно-конзерваторски основи (ЗКО)*
6. *Валоризација/ревалоризација на недвижни културни добра*
7. *Изработка на конзерваторски проекти*
8. *Други активности*

- *Заштитни археолошки истражувања*
- *Меѓуинституционална соработка со сродни установи*
- *Стручна помош*

III. ОРГАНИЗАЦИСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

- *Седници на Управниот одбор*
- *Објавување на Јавни набавки*
- *Формирање на Комисии за попис*
- *Архивско работење*
- *Учество во Комисии и др. работни тела при Министерството за култура*
- *Меѓународна соработка/учество во научни конференции, собири и презентации*

*Годишниот Извештај за работа на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје (во понатамошниот текст НКЦ) за 2022 година содржи показатели за реализација на проектите и активностите што се опфатени со Годишната програма за остварување на националниот интерес во областа на културата и се финансирани од Буџетот на РСМ, како и податоци за видот и обемот на стручните работи кои се извршени по основ на матичност и територијална надлежност со средства од други извори.*

*Извештајот го поднесува Директорот на установата, а го усвојува Управниот одбор на НУ НКЦ-Скопје*

- Во матичната **Национална Установа Национален козерваторски центар Скопје** (НУ НКЦ Скопје) има **евидентен недостаток на кадар**, како **стручен**, така и **административен и помошен кадар**. Така, ако до 2005 година установата броеше околу 105 лица, денес тој број е **сведен на 49 вработени**. Тоа укажува дека бројот на кадарот од 2005-2022 година се намалил за околу 53%. Со усвојувањето на новите измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во оваа година бројот ќе се намали за уште 18% (7 лица од кои 5 носители на дејноста), со што установата не е во можност да ги извршува во целост своите статутарни надлежности. Со тоа доаѓа до намален обем на работа, што негативно се одразува на состојбите на културното наследство.

- Установата **не може да го надомести неопходниот кадар поради законските одредби според кои бројот на систематизирани работни места се формира според бројот на моментално вработени на кој се додава 10% слободни работни места.** Дури и да се усвои новиот предлог Закон за вработените во јавните установи, процентот на слободни работни места да се зголеми на 50 %, ваквото решение не овозможува реално пополнување на неопходниот кадар, особено што дополнително се предвидува со годишниот план да може да се планираат најмалку 1%, а најмногу 5% нови вработувања од бројот на вработени . Имено, за да се постигне реалната бројка на неопходен кадар во НКЦ ќе бидат потребни околу 18 години, под услов да нема ниту едно пензионирање. Имајќи предвид дека по пат на пензионирање во НКЦ во следните две години бројот на вработени ќе се сведе на 40 лица, следува дека неопходниот број ќе може да се пополни дури во 2042 година.

- Одтука, сметаме дека *организацијата и систематизацијата на работните места треба да се темелат на потребите на дејноста која се обавува, односно културната функција на установата и опсегот на нејзино делување,* а не на случајна категорија како што е моменталниот број на вработени. Ако ваквата одредба остане, установите каде има превработеност дополнително ќе се оптоваруваат со непотребен кадар, наспроти установите каде има дефицит на кадар на кои ќе им се оневозможи проста обнова на кадарот и базично функционирање.

- **Постојат тенденции на НКЦ да му се одземат ингеренциите за највисоката категорија на наследство**. Напоменуваме дека во Македонија поседува голем број на културни добра кои по низа основи заслужуваат да се сврстат во прва категорија, но во последните години општинските заводи-музеи пројавуваат тенденција вештачки да ја намалуваат категоријата на значајност со цел да ги задржат најзначајните споменици во своја надлежност. Како типични примери за таквата практика се црквите *Св. Софија и Св. Климент во Охрид, Курбиново, Аквадуктот, Пантелејмон во Нерези, Мнастирот Св. Никита и* т.н. кои по сите ***стандарди претставуваат културно добро од исклучително значење***, односно прва категорија, со што потпаѓаат под надлежност на НКЦ, но и

понатаму *конзерваторско-реставраторските работи се во надлежност на регионалните установи*.

- **Процедурите од страна на УЗКН за добивање на Одобренија за конзерваторски истражувања, непосредна заштита, Дозволи за археолошки ископувања, Комисии за стручни контроли на конзерваторски проекти се бавни и непотребно бирократизирани**. Тие одземаат многу време и енергија, а не придонесуваат за подобра контрола и регулација на системот за заштита. Несомнено треба да постои контрола на конзерваторските проекти, но сите бирократски процедури треба да се поедностават за националните установи кои се основани за заштита на културното наследство.

- **Недонесувањето на Правилник за конзерваторски надзор и Тарифник за заштитно конзерваторски основи (ЗКО)** од страна на Министерството за култура (законска обврска од 2005 година) претставува дополнителен проблем во регулирањето на финансиските обврски на установите.

- Треба да се дефинира поимот „**стручна помош**" – НКЦ е должна да пружа стручна помош на останатите установи, но ова не може да се разбере како преземање на вработените за директно вршење на конзерваторско-реатавраторските работи на останатите институции. *Под стручна помош треба да се подразбере советодавна улога, а не изведување на туѓи проекти и програми*. Од друга страна, **со вашиот допис бр. 53-1689/2 од 17.03.2022 г. во кој се толкува судир на интереси, се оневозможува НКЦ да ја исполнува оваа законска обврска на пружање стручна помош на останатите установи од дејноста**. Во овој контекст се поставува и прашањето дали работата на Централната хемиска лабораторија при НКЦ која согласно закон ги опслужува сите установи во дејноста ќе се сведе само на ниво на НКЦ. Со оглед на фактот дека стручниот кадар е во огромен дефицит на цела територија на државата, ваквото толкување дополнително ќе создаде негативни последици не само по работењето и матичноста на НКЦ, но и по културното наследство во целина.

- Во недостаток на стручен кадар, но и ***оперативна единица од обучени/квалификувани мастори за работа со традиционални материјал и техники***, активностите поврзани со непосредна заштита на архитектурата се реализираат по пат на ангажирање на **градежни фирми** со Лиценца А (кои немаат допирни точки со заштитната дејност, односно *тие не се специјализирани фирми за реставрација*). На ова би го надоврзале и фактот што *ваквите активности се доделуваат по пат на тендери, каде основен квалификувачки фактор е понудената цена,* наместо квалитетот на изведбата, со што дополнително се деградира културното наследство.

- Истото, од горенаведеното се однесува и **при набавка на конзерваторските материјали,** кои ваквите законски одредби ги прават или недостижни или прескапи. Ваквата пракса, во комбинација со законските одредби **кои ја врзуваат заштитата со законот за градежништво**, во долгорочна перспектива можат да имаат крајно негативни последици не само по спомениците, но и по самата професија.

- **За соодветен третман на културното наследство неопходни се измени во повеќе законски акти**, што е утврдено и со стратешките документи на министерството, особено од доменот на јавни набавки, ангажирање на

надворешни лица, волонтерство, вработени во јавни установи, административни работници, донации и спонзорства, градење, *Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, Каталогот на работни места* и т.н, со цел обезбедување компатибилност меѓу законските прописи и со тоа создавање на остварливи правни механизми за заштита и одржливо користење на недвижното наследство.

- **НКЦ се соочува со недостаток на современа опрема за конзервација.** Последната посериозна инвестиција во опрема беше спроведена во 2000 година, по пат на донација од ФАРЕ. Единствена современа опрема која ја поседуваме е во рамките на хемиската лабораторија, додека останатите конзерваторски лаборатории се соочуваат со недостаток на основни услови за работа.
  Оттука, **неопходни се посериозни инвестиции во современи апаратури, алати и опрема кои ќе овозможат соодветен третман на културните добра, согласно постоечките стандарди во заштитно-конзерваторската дејност.**

***Годишниот извештај*** за работата за 2022 на ***Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје*** се поднесува за период дефиниран од **01.01.2022 заклучно до 30.12.2022 г.**, согласно:

- **Годишниот Договор** за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Национална установа Национален конзерваторски центар – СКопе за 2022 од областа на заштитата на недвижното културно наследство потпишан помеѓу: *Министерството за култура на Република Северна Македонија (арх. бр. 32-1355/1 од 04.02.2022 г.) од една страна и НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, матична стручна институција за заштита на недвижното културно наследство (арх. бр. 01-55/1 од 08.02.2022год.);*
- **Анекс – Договор** (бр.32-1355/53 од 27.07.2022) кон Договорот бр. 32-1355/1 од 04.02.2022;
- **Анекс – Договор** ( бр.32-1355/65 од 30.09.2022) кон Договорот бр. 32-1355/1 од 04.02.2022.

# I ПРОЕКТИ

## ГОДИШНА ПРОГРАМА 2022

### ❖ УВИДИ ВО ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| 1.1 **Непланирани стручни увиди** во постојната состојба на недвижното културно наследство на 36 општини кои се под територијална надлежност на НУ НКЦ - Скопје | *Во 2022 год., континуирано се вршени теренски увиди за утврдување /документирање* на постојната/фактичка состојба на недвижното културно наследство (*подетално во наслов II (точка 1.) од извештајот е даден преглед на извршените теренски увиди* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 100.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.2 Планиран стручен увид** на состојбата на археолошките локалитети на *Општина Демир Капија* | *Програмската активност* ***е целосно завршена*** (во однос на реализацијата на *теренскиот дел и изработката на евиденциони картони на археолошките локалитети на кои се направени стручни увиди во актуелната состојба).* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 100.000,00 ден. |

### ❖ ИЗРАБОТКА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

| | |
|---|---|
| **1.3. Проект за конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во црквата Св. Никола, с. Трново**, *Општина Крива Паланка* | *Проектот е во завршна фаза на изработка и комплетирање на потребните содржински елементи.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 80.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.4 Проект за конзервација и реставрација на црквата Св. Спас во с. Уланци,** *Општина Градско,* фаза - ѕидно сликарство, 17 век | *Проектот не е изработен,* од причина што *црквата нема заштитен статус и треба да се изработи елаборат за валоризација.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 10.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.5 Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство од XIX век** во сводните партии од наосот на | *Проектот конзервација и реставрација на ѕидното сликарство од XIX век во сводните партии од наосот на црквата Воведение на Богородица, Карпински манастир, кај с.* |

| | |
|---|---|
| црквата Воведение на Богородица, Карпински манастир, кај с. Орах, *Општина Старо Нагоричане* | *Орах* ***не е завршен.*** |

| | |
|---|---|
| *Одобрени финансиски средства:* | 80.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.6 Основен проект за конзерваторско -реставраторски работи на југозападно бедемско платно, со делумна реконструкција на кулите со утврдување на археолошки локалитет „Градиште“**, Неготино | *Проектот е во фаза на комплетирање со текстуалните и графички прилози.* |

| | |
|---|---|
| *Одобрени финансиски средства:* | 80.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| ***1.7*** **Основен проект за санација на кровна конструкција и фасада на Куќа на ул. Јове Гичев бр. 9, Кратово** | *Проектот е во фаза на изработка на текстуалните и графички прилози.* |

| | |
|---|---|
| *Одобрени финансиски средства:* | 80.000,00 ден. |

## ❖ ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ НА НЕПОСРЕДНА ЗАШТИТА

| | |
|---|---|
| **1.8 Конзервација и реставрација на дваесет (20) празнични икони и иконостасната конструкција во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец** во с. **Младо Нагоричане**, *Општина Старо Нагоричане (втора фаза)* | *Конзервацијата и реставрацијата на дваесет (20) празнични икони и иконостаснaта конструкција во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец е* **ЗАВРШЕНА.**<br><br>*- По непосредната заштита на иконите во конзерваторската лабораторија на НУ НКЦ – Скопје, како и по завршувањето на интервенциите на елементите од дрвената иконостасна конструкција во самата црква,* ***20 те икони се вратени и монтирани на нивните претходни позиции на иконостасот.*** |

| | |
|---|---|
| *Одобрени финансиски средства* | 120. 000,00 ден |




| | |
|---|---|
| **1.9 Конзервација и** | *Третата фаза од непосредната заштита на* |

| | |
|---|---|
| **реставрација на иконостасниот крст и двете иконо-врати од иконостасот во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец** во с. Младо Нагоричане, *Општина Старо Нагоричане* (*трета фаза*) | *двете иконо-врати од иконостасот во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Младо Нагоричане е во* **ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА.**<br><br>- *Иконостасниот крст и двете иконо-врати од иконостасот на црквата се* донесени во конзерваторската лабораторија на НУ НКЦ – Скопје, ***каде што се предмет на стручен заштитен третман.*** |
| *Одобрени финансиски средства:* | 100.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.10 Непосредна заштита: Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство на куќата на Иџлал Сулејмани**,ул. Кузман Јосифовски Питу бр.130 во Тетово | Работите на непосредна заштита на ѕидната декроација на куќата **не се отпочнати.**<br>- Најпрво се пристапи кон конзерваторски истражувања во функција на *изработка на Проект за конзервација и реставрација на ѕидната декорација на куќата на Иџлал Сулејмани.* Проектот е доставен во УЗКН со барање за формирање комисија за стручна контрола. |
| *Одобрени финансиски средства:* | 60.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.11 Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец**, с.Младо Нагоричане – *четврта фаза* | *Конзервацијата и реставрацијата на ѕидното сликарство во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Младо Нагоричане* од оваа фаза (обивање на стари варови премази и малтери на јужниот ѕид) е **ЗАВРШЕНА.** |



*Постојна/затекната состојба*



*Изглед по отстранетите варови премази*

| | |
|---|---|
| *Одобрени финансиски средства:* | 600.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.12 Непосредна заштита** на **ѕидното сликарство** на црквата **Св. Димитрија, Под Кале, Велес** | *Конзервацијата и реставрацијата на ѕидното сликарство во црквата Св. Димитрија, Под Кале,* Велес, од оваа фаза е **ЗАВРШЕНА.**<br><br>- *Заштитните интервенции во најголем обем опфатија хемиско чистење на наталожени нечистотии врз ѕидното сликарство и* |

| | |
|---|---|
| | *заштитен третман на очистените фрески.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 300.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.13 Непосредна заштита** на **ѕидното сликарство** во црквата **Св. Богородица во Лешочки манастир,** с. Лешок, *тетовско* | *Конзервацијата и реставрацијата на ѕидното сликарство во црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир* е **ЗАВРШЕНА.**<br><br>*Заштитата на ѕидното сликарство* во овaa *фаза опфати консолидација и фиксирање на потклобучени малтерни површини, хемиско чистење на наталожени нечистотии и реставрација на очистените фреско површини.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 500.000,00 ден. |

*изглед на ѕидното сликарство по извршениот заштитно-реставраторски третман*



| | |
|---|---|
| **1.14 Непосредна заштита:** конзерваторско - реставраторски интервенции на **архитектурата** на црквата **Св. Никола, с. Шопско Рударе,** *Општина Кратово (прва фаза)* | *Првата фаза од изведувањето на работите на непосредна заштита на архитектурата на црквата Св. Никола, с. Шопско Рударе* не е завршена ***(работите продолжуваат до крајот месец март 2023)****.*<br>- Причини за пролонгирана динамика:<br>- ***Барањето за добивање Конзерваторско одобрение беше одбиено од УЗКН*** *(*повторена постапка за вршење стручна контрола на проектот со претходно обезбедени заштитно конзер. услови*);* ***повторена тендерска постапка.***<br>*-Изведувач на работите: Синтек Спецификфик Санации Дооел Скопје (*со Договор бр.05-321/12 од 26.10.2022). |
| *Одобрени финансиски средства:* | 1.000.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.15 Непосредна заштита:** Конзервација и реставрација на **архитектурата** на црквата **Св. Никола, с. Псача,** *Општина Крива Паланка* | *Втората фаза од заштитните интервенции на архитектурата на црквата Св. Никола во с. Псача* е **ЗАВРШЕНА.**<br><br>- Во рамките на оваа фаза се изврши инјектирање на пукнатини и заштитен третман на градежниот опус на три фасади (*чистење на цементни интервенции, стари* |



*втора фаза*

*малтери, вадење на оштетени камени блокови, тули и нивна замена со нови со идентичен формат, завршно рефугирање со хидрауличен варов малтер).*
*- Изведувач на работите: Макаус Благоја Доел Скопје (*Договор бр. 05-117/12 од 28.04.2022*).*

*Одобрени финансиски средства:* <u>1.500.000.00 ден</u>.

**1.16 Непосредна заштита:** конзерваторско-реставраторски работи на **североисточно бедемско платно од археолошкиот локалитет „Виничко Кале“** – Виница (*втора фаза*)

*Конзерваторско-реставраторските работи на североисточното бедемско платно од археолошкиот локалитет Виничко Кале, <u>од оваа фаза,</u>* **се ЗАВРШЕНИ.**

*- Изведувач на работите: МАКАУС Благоја Доел Скопје (Договор 05-303/12 од 22.09.2022)*

*Одобрени финансиски средства:* <u>1.000.000.00 ден</u>.

**1.17 Непосредна заштита:** конзервација, реставрација, санација и ревитализација на **заштитеното недвижно добро „Алим Бегова куќа“ - Тетово,** фаза, Електротехничка инсталација (трет дел), фаза Машинство; фаза ППЗ

*Работите од оваа фаза: Електротехничка инсталација (трет дел), фаза Машинство; фаза ППЗ,* **НЕ СЕ ЗАВРШЕНИ**, *поради неуспешно завршена тендерска постапка (три пати беше спроведувана јавна набавка и немаше заинтересирана фирма).*

*-По барање на МК се изврши пренамена на средствата од оваа фаза за извршување на нови позиции (финално завршување на работите во внатрешниот простор и заштита од на отворените делови /тераси). Реализацијата на овие активности се вклучени во Програмата за 2023.*

*Одобрени финансиски средства:* <u>2.500.000,00 ден</u>.

**1.18 Конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастир,** с. Лешок – Тетово, *четврта фаза*

*Четвртата фаза од работите за непосредна заштита и санација на конакот во Лешочкиот манастир* **е ЗАВРШЕНА.**

*- Поради демонтажни работи на ѕидни, подни и тавански елементи, се изврши дислокација на уметничките содржини од параклисот (иконостасните икони и фреската Христос Пантократор беа стручно извадени, спакувани и предадени на чување кај имателот на МПЦ-ОА, Тетовско - гостиварска епархија).*

Изведувач>*Урбан План Конструктион ДООЕЛ*



*Тетово (*Договор Бр. 05-176/3 од 07.06.2022).

*Одобрени финансиски средства:* 5.700.000,00 ден.

**1.19 Непосредна заштита:** конзервација и реставрација на црквата **Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски-пустиножител во Лесновскиот манастир**, с. Лесново



*Четвртата фаза од работите на непосредна заштита - **покривање со нов оловен лим** на црквата „Св.Архангел Михаил" во Лесновскиот манастир е* **ЗАВРШЕНА.**

- Изведувач на работите: ДГПП БАЦАК Инжинеринг ДОО Скопје (со Договор бр. 05-222/12 од 07.07.2022год.)

- *Согласно висината на одобрените финансиски средства во рамките на оваа фаза се изврши демонтажа и покривање со нов оловен лим (3мм)* ***на источната апсида и двете сводести површини од северна страна.***

*Одобрени финансиски средства:* 1.200.000,00 ден.

**1.20 Непосредна заштита на камбанаријата и црквата „Св. Никола„ во с. Пласница -** *Општина Пласница, трета фаза*

- *Непосредната заштита на црквата „Св. Никола" во с. Пласница* е **ЗАВРШЕНА.**

- Во рамките на третата фаза е ***изведен дренажен канал*** *(ископ на дренажен ров (поставување на перфорирана цевка со заштитен геотекстил и дренажен материјал во ровот со различна фракција),* завршно е изведен тротоар поплочен со камени плочи.

- *Работите ги реализираше фирмата* МАКАУС Благоја ДООЕЛ - Скопје.

*Одобрени финансиски средства:* 650.000,00 ден.

**1.21 Непосредна заштита:** конзервација, реставрација, санација и реконструкција на **влезната партија на археолошкиот локалитет Тетовско кале Бал Тепе** – Тетово, *петта фаза*

- *Петтата фаза од работите на непосредна заштита на влезната партија на арх. локалитет Балтепе* е **ЗАВРШЕНА.**

- *Работите беа реализирани од страна на градежната фирма Цеацон ДООЕЛ - Тетово (согласно Договор* бр. 05-238/13 од 20.07.2022).

| | |
|---|---|
| | *- Согласно нискиот буџет се извршија само позиции од припремни работи: отстранување висок слој од земјен насип и дрвенеста вегетација над сводестата конструкција, со цел спроведување консолидација на сводот.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 500.000,00 ден. |

## ❖ ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА/РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

| | |
|---|---|
| **1.22 Елаборат за валоризација** на црквите во регионот на Повардарска епархија: **Св. Никола, с. Габровник; Св. Троица, с. Убого; Вознесение Христово, с. Подлес; Вознесение Христово, с. Дреново; Св. Ѓорѓи, с. Мартолци,** *Општина Чашка* | *Поединечните Елаборати за валоризација на петте (5) цркви* **СЕ ИЗРАБОТЕНИ** и заедно со *Предлозите за донесување акт за прогласување на секоја од предметните цркви за значајно културно наследство се доставени во УЗКН.*<br><br>*- Елаборатите за валоризација на цр: Св. Никола, с. Габровник и Св. Троица с Убого,* се вратени од *Комисијата за вршење ревизија* со образложение дека *наведените две цркви не поседуваат вредности поради кои би добиле статус на заштитено добро*. Останатите три (3) елаборати *се вратени на доработка*. |
| *Одобрени финансиски средства:* | 60.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| 1.23 Елаборат за **валоризација** на црквата **Св. Никола/Св. Петка, с. Бељаковце,** *Општина Куманово* | *Елаборатот за валоризација на црквата Св. Никола/Св. Петка, с. Бељаковце, општина Куманово* е **ИЗРАБОТЕН.**<br><br>- *Предметниот Елаборат* заедно со *изработениот* ***Предлог*** *за донесување акт за прогласување на црквата за значајно културно наследство* се доставени во УЗКН на понатамошна управна постапка. |
| *Одобрени финансиски средства:* | 10.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| 1.24 Елаборат за **валоризација** на археолошки локалитет **„Лешочко Кале", с. Лешок,** *Општина Теарце* | *Елаборат за валоризација на археолошки локалитет „Лешочко Кале", с. Лешок, Општина Теарце* е **ИЗРАБОТЕН.**<br><br>*Елаборатот заедно со* ***Предлогот*** *за донесување акт за прогласување на археолошкиот локалитет за значајно културно наследство (бр. 08-124/4 од 03.06.2022) се доставени во УЗКН. Актот за прогласување сеуште не е донесен од УЗКН.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 20.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.25 Елаборат за валоризација** на археолошки локалитет **„Кале-Стрезов Град", с.Челевац,** *Општина Демир капија* | *Елаборатот за валоризација на археолошкиот локалитет „Кале - Стрезов Град" е* **ИЗРАБОТЕН** и заедно со ***Предлогот*** *за донесување акт за прогласување на значајно културно наследство* се доставени во УЗКН на понатамошна управна постапка. |
| *Одобрени финансиски средства*: | 30.000,00 ден. |



| | |
|---|---|
| **1.26 Елаборат за ревалоризација** на црквата **„Воведение на Богородица", манастир Карпино**, с. Орах, *Општина Старо Нагоричане* | *Елаборатот за ревалоризација на заштитеното добро – црква „Воведение на Богородица", манастир Карпино, с. Орах, општина Старо Нагоричане* (бр. 08-134/4 од 14.12.2022 г.) е **ИЗРАБОТЕН.**<br>- Воедно, **изработен е и** *Предлогот за донесување акт за прогласување на спомeничката целина Карпински манастир Воведение на Богородица, с. Орах, за значајно културно наследство* (бр. 08-134/5 од 14.12.2022 г), кои заедно со Елаборатот се доставени до УЗКН. *Актот за прогласување сеуште не е донесен од УЗКН.* |
| *Одобрени финансиски средства*: | 20.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.27 Елаборат за ревалоризација** на црквата **„Св. Петка" во с. Младо Нагоричане**, *Општина Старо Нагоричане* | *Елаборатот за ревалоризација на црквата „Св. Петка" во с. Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане* (бр. 08-125/4 од 30.08.2022) е **ИЗРАБОТЕН**. Воедно, **изработен е и** *Предлогот за донесување акт за прогласување на црквата „Св. Петка" во с. Младо Нагоричане, за значајно културно наследство* (бр. 08-125/5 од 30.08.2022), кои заедно со Елаборатот се доставени до УЗКН.<br>- Црквата *Св. Петка во с.Младо Нагоричане* **е ПРОГЛАСЕНА за значајно културно наследство** со Решение Уп. Бр. 18-762 од |

| | |
|---|---|
| | 01.12.2022 год. |
| *Одобрени финансиски средства*: | <u>10.000,00 ден</u>. |

| | |
|---|---|
| **1.28 Елаборат за ревалоризација на црквата „Св. Атанасие“ во с. Свеќани,** *Општина Градско*, Велес | *Елаборатот за ревалоризација на црквата „Св. Атанасие“ во с. Свеќани, Општина Градско, Велес* е **ИЗРАБОТЕН.**<br><br>- Црквата *Св. Атанасие во село Свеќани, општина Градско* **е ПРОГЛАСЕНА за значајно културно наследство** со Решение Уп. Бр. 18-457 од 15.08.2022 год. |
| *Одобрени финансиски средства*: | <u>10.000,00 ден</u>. |

| | |
|---|---|
| **1.29 Координација на работата** со **останатите стручни установи** за заштита на недвижното културно наследство (*Конзерваторски центри, Заводи и Музеи, НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби, УЗКН* | - *Во 2022 год. беше одржана една заедничка средба во НУ НКЦ - Скопје со одговорните лица/ директори од останатите стручни установи, како и директорот на Управата за заштита на културното наследство.*<br><br>- На работната средба беа истакнати повеќе актуелни проблеми, особено од аспект на: *редуциран стручен кадровски потенцијал, идна меѓуинституционална соработка во насока давање стручна помош околу реализацијата на Годишната програма и др. вид активности, долгите административни процесуирање на предмети кои се доставуваат во УЗКН* и др. |
| *Одобрени финансиски средства*: | <u>60.000,00 ден</u>. |

| | |
|---|---|
| **1.30 Тековно одржување** и сервисирање на опремата на **Централната хемиска лабораторија** при НУ НКЦ Скопје   | *Проектот за тековното одржување и сервисирање на опремата во централната хемиска лабораторија* при НУ НКЦ Скопје **е ЗАВРШЕН** <u>*и инструментите се во работна состојба*</u>.<br><br>- Активностите опфатија сервисирање на четири инструменти/опрема: *Сервис на 2 модели на микроскоп* (Olympus SZX7 и AxioCam color camera, Zeiss); *Сервис на лабораториска муфолна печка за жарење и Сервис на системот за ладење,* поврзан со XRD 6100 Shimadzu.<br>- *Сервисирањето е извршено од стручни екипи т.е специјализирани фирми за ваков вид опрема.* |
| *Одобрени финансиски средства*: | <u>135.000,00 ден</u>. |

| | |
|---|---|
| **1.31 Физичко обезбедување** на установата | *По успешно завршена тендерска постапка избрана е Агенција за физичко обезбедување на* |

| | |
|---|---|
| | *установата (2 СС ДООЕЛ Кичево).* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 1.360.056.00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.32 Проект за конзервација и реставрација** на **Царски двери и шест (6) икони од манастирот Св. Архангел Михаил**, *општина Берово* | Проектот со **бр. 08-127/8 од 03.10.2022 е ЗАВРШЕН** *и беше доставен до УЗКН со цел формирање Комисија за вршење стручна контрола на конзерваторски проект.*<br>- Проектот **е ПРИФАТЕН** од страна на Комисијата за вршење стручна контрола со *Извештај за извршена стручна контрола* (бр. 09-2592/5 од 09.11.2022 година). |
| *Одобрени финансиски средства:* | 60.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.33. Проект за конзервација и реставрација** на иконописот од 19 век во регион на Градско (Повардарска епархија) - **икони од црква Св. Спас, с. Ногаевци**, *општина Градско* | *Проектот* ***за конзервација и реставрација*** *на иконописот од 19 век во регион на Градско (Повардарска епархија) - икони од црква Св. Спас, с. Ногаевци* **е ЗАВРШЕН.**<br>*Комисијата за вршење стручна контрола (формирана од УЗКН), достави Извештај со кој го прифаќа проектот за реализација.* |
| *Одобрени финансиски средства:* | 60.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| **1.34 Изработка на 15 ЗКО** во надлежност НУ Национален конзерваторски центар - Скопје (*според член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство*) | - Средствата доделени за изработка на 15 *заштитно-конзерваторски основи(ЗКО)* ***не се искористени****; поради немање, т.е недоставена конкретна програма (од МК, УЗКН)* за кој вид планска документација и за кое подрачје на опфат треба да се изработат зко. |
| *Одобрени финансиски средства:* | 650.000,00ден. |

## ПРОГРАМА 58 (Културно наследство во опасност)

| | |
|---|---|
| **Итни мерки на заштита** на културно наследство во опасност: **Куќа на Граматикови,** ул. *Јосиф Даскалов*, бр.58 во **Кратово** (Решение УП бр. 18-22 од 22.01.2021 г.) | *Итните мерки на заштита на Куќата на Граматикови во Кратово - културно добро во опасност* **СЕ ИЗВРШЕНИ.**<br>- Во рамките на итните мерки се изврши: *комплетно расчистување* во внатрешниот простор од разурнатите елементи од скали, меѓукатни и кров, *демонтажа* на бондручните ѕидови од првиот кат, а за *заштита од обрушување на заедничкиот ѕид од соседната куќа* изведен е нов - паралален ѕид од тула.<br>- Изведувач на работите е ЗИМ *АД Скопје* (со Договор бр.05-167/12 од 11.05.2022) |

| *Одобрени финансиски средства:* | 1.239.788,00 ден. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Итни превентивни мерки на** заштита на културно наследство во опасност: **Куќа на Апасиеви**, ул. *Вера Циривири Трена*, бр.21 во Велес (Решение УП. бр. 18-22 од 22.01.2021)  | - *Превентивните мерки за времена заштита на Куќата на Апасиеви во Велес* **СЕ ЗАВРШЕНИ.** <br><br> - Превентивните зафати опфатија: *времено потпирање на мал еркер од споредната улица со подупирачи; поставување на заштитна завеса/ платно по цела височина на бондручниот ѕид од вториот кат; парцијална и контролирана демонтажа на иструлени дрвени елементи и потпирање на критични делови во внатрешниот простор.* <br><br> - Изведувач на превентивните мерки е *фирмата* ЕЛИН-БИЛД ДООЕЛ – Скопје (со Договор, бр. 05-237/12 од 20.07.2022). |

| *Одобрени финансиски средства:* | 599.788,00 ден. |
|---|---|

## II ТЕКОВНИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Покрај организационите активности на стручните тимови за отпочнување и непречена реализација на програмските активности од Годишната програма за работа за 2022 год., стручните лица во НУ НКЦ- Скопје по основ на матична дејност на установата, имаат и дополнителни ангажмани во смисла на: *давање стручна помош, вршење биохемиски анализи, стручна контрола на конзерваторски проекти изработени од страна на останатите конзерваторски центри, Заводи и музеи и НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско, вршење конзерваторски и археолошки надзор, учество во комисии за прием на изведени работи, потоа давање стручни мислења за потребите на изградба на инфраструктурни проекти, или увиди во граници на плански опфати во функција на изработка на заштино-конзерваторски основи (зко), поднесени од разни правни субјекти и физички лица, имателите на културни добра.,*

### 1. НЕПЛАНИРАНИ УВИДИ ВО ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

1 *Увид во постојната физичка состојба на заштитени недвижни добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство*

- Извршен е увид во фактичката состојба на **оштетени ѕидни платна (конзервирани и неконзервирани) од археолошкиот локалитет „Виничко Кале“**, КО Виница, *Општина Виница*, Решение бр. 08-87/5 од 25.03. 2022 год; *изготвен е извештај;*

- Врз основа на Барање од општината Берово, извршен е увид во фактичката состојба за објект - **Индивидуална семејна куќа на ул. Кочо Рацин бр.11** КП 2038, во Берово; *изработено е Мислење*;
- Врз основа на Барање од општината Битола извршен е увид во постојната состојба за објект - **Индивидуална семејна куќа на ул. Маршал Тито бр.127, во Берово** и *изработено е мислење за понатамошно постапување*;
- Извршен е увид во досега **реализираните работи на непосредна заштита** на заштитеното недвижно добро – **Алимбегова куќа во Тетово** (*изготвен е извештај);*
- Увид на состојбата на **фасадната декорација на куќата на Иџлал Сулејмани во Тетово** *(во функција на изработка на Програма за конзерваторски истражувања);*
- Извршен е увид во реализацијата на работите на **непосредна заштита на црквата Св. Архагел Михаил во Лесновски манастир;** Пробиштип;
- Извршен е увид во **реализацијата на работите на непосредна заштита на конакот во Лешочкиот манастир;** с .Лешок;
- Извршен е увид во постојната состојба на црквата **Воведение на Богородица - Карпински манастир;**
- Извршен е увид во состојбата на црквата **Воведение на Пресвета Богородица - манастир Матејче**, архитектонско снимање, мерење и документирање на состојбата на црквата во функција на изработка на конзерваторски проект за препокривање на црквата со олово;
- Извршен е увид во постојната состојба на **Спомен куќата на Ѓоргија Пулевски во Галичник**;
- Извршен е увид во реализацијата на работите на непосредна заштита на црквата **Св. Никола, с. Псача**, општина Крива Паланка;
- Извршен е увид во постојната состојба на црквата **Св. Ѓорѓи, с. Младо Нагоричане;**
- Врз основа на Барање поднесено од МЗ село Леуново и Иницијативниот одбор за спас на Маврово, извршен е увид во постојната состојба на евидентираниот локалитет **Археолошко наоѓалиште Долномаалски гробишта – средновековна црква, село Леуново**; изготвен е извештај;
- Извршен е увид во состојбата на културното добро во опасност - **Куќа на ул. Вера Циривири Трена бр. во Велес** (во функција на преземање превентивни мерки на заштита и увид во работите кои ги изведуваше фирмата избрана на тендер);
- Извршен е увид во црквата **Св.Никола, с. Шопско Рударе** - заедно со фирмата изведувач на заштитните интервенции на архитектурата на црквата;
- Извршен е увид во изведбените/демонтажни работи на **Куќата на Граматикови** во Кратово;
- Извршен е теренски увид и архитектонско снимање/премер на **Меморијалниот центар 12 Ваташки младинци**, с. Ваташа, Општина Кавадарци<
- Извршен е теренски увид на постојната состојба на црквата **„Успение на Пресвета Богородица-Матејче"** во с. Матејче, Општина Липково;
- Извршен е увид во постојната состојба на архитектурата и ѕидното сликарство на заштитеното недвижно добро црквата **Св. Ѓорѓи во село**

**Петралица**, Општина Ранковце, *изработен е Извештај за состојбата на зачуваноста/оштетеноста на доброто;*

- Извршен е увид во постојната состојба на **куќа на ул. Маршал Тито бр.127** во **Берово,** *изработен е извештај за актуелната состојба на куќата со даден предлог за преземање идни заштитни мерки;*
- Извршен е увид во постојната состојба на заштитеното недвижно добро - **Спомен костурница на паднатите борци од НОВ во Куманово**, *изготвен е извештај со предлог за понатамошни активности на доброто.*

<u>*1.2 Увиди во граници на плански опфати*</u> *(*за потребите на изработка на урбанистичка планска документација или за инфраструктурни проекти, легализација на бесправно изградени објекти)

- Извршен е увид на подрачје на опфат за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за КП 3406 и дел од КП 2924/1, КО Челопек** вон гр., *Општина Брвеница* (согласно издадено Решение бр. 08-15/2 од 20.01.2022) *Доставен е извештај од извршениот увид*;
- Увид во границите на проектен опфат на Проект за инфраструктура за измена и дополна на "**Проект за инфраструктура за патен правец А1: Прилеп – Градско, Делница**: од мост на р.Раец преку д.п.ј Дреново до д.п.ј Градско (спој со А1) од км.10+217.60 до км.25+477.60, Општина Росоман и Општина Градско. *Изработен е извештај од извршениот увид;*
- Врз основа на Барање поднесено од *Тајфа Архитекти Дооел – Куманово* за постоење на културно наследство за потребите на изработка на **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за реконструкција на фекален колектор од источна зона до пролетерски пат – КМ 0+636.00 до КМ 1 + 240.00, КО Виница**, *Општина Виница*, од страна на стручен тим извршен е увид во границите на проектниот опфати и *изработен е извештај*;
- Врз основа на Барање поднесено од *Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ ДОО Скопје* за постоење на културно наследство за потребите на изработка на **Проект за инфраструктура за државен пат А2, делница Букојчани – Кичево**, прва фаза, подделница **Црвивци- Кичево,** *извршен е теренски увид во границите на проектниот опфат и изработен е извештај*;
- Формиран е Стручен тим за давање **мислење** за постоење на културно наследство во границите на плански опфат за потребите на изработка на **Детален урбанистички план (ДУП) за:** *У.Е. „Годе Мендол" дел од Урбан блок 60, плански опфат помеѓу ул. Правда Спасовска, ул. Доктор Рибар, крак на ул Доктор Рибар, ул Поток Серава, ул. Есперанто, ул. Веселин Вујовски,* Општина Куманово; *Стручниот тим достави извештај за предметниот плански опфат;*
- Извршен е стручен увид и давање мислење за постојни инсталации – **Проект за линиска инфраструктурна градба – канал за телекомуникациски водови и оптички кабел во Општина Кавадарци** (согласно Решение бр. 08-21/2 од 09.02. 2022 г. *изработен е извештај;*
- Врз основа на Барање поднесено од Општина Чашка за вршење увид и давање стручно мислење за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 викенд куки на КП 1060 и КП 1058 КО Оморани,** *Општина Чашка, изработен е извештај во кој стручниот тим е произнесен со мислење за конкретниот урбанистички проект;*

- Извршен е теренски увид во граници на плански опфат за **Урбанистички план за село Битуше, Блок 1**, *Општина Маврово и Ростуше*, (согласно издадени Решение бр. 08-89/2 од 09.03.2022). *Изработен е извештај во кој стручниот тим е произнесен со мислење за конкретниот плански опфат;*
- Врз основа на Барање доставено од ТАЈФА- ПЛАН ДОО - Скопје (бр. 0307 -050 од 24.03.2022 г.), формиран е Стручен тим за вршење увид во границите на плнскиот опфат за изработка на **Урбанистички план за село Рајчица** со разработка на **Блок 1 и Блок 2, Општина Дебар.** *Согласно извештајот од извршениот увид е утврдена потребата од изработка на заштитно-конзерваторски основи со определување заштитен режим за предметниот плански опфат);*
- Согласно издаденото Решение (бр. 08-135/2 од 18.03.2022) извршен е увид во границите на плански опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за фотоволтаична електрана на *КП 581* и *КП 591*, КО Карбиница**, *Општина Кичево, изработен е извештај од извршениот увид;*
- Извршен е увид во плански опфат за потребите на изработка на Урбанистичка планска документација вон населено место (УПВНМ) со намена А4.3 викенд куќи на **КП 1060 и КП 1058, КО Оморани,** Општина Чашка. *Доставен е извештај од извршениот увид;*
- Согласно Решение бр. 08-175/2 од 15.04.2022 год. од страна на стручен тим извршен е увид во плански опфат на **Урбанистички проект вон опфат на УП за реконструкција на фекален колектор од источна зона на пролетерски пат од км 0+636.00 до км 1+240.00 КО Виница**. *Доставен е Извештај од извршениот увид;*
- Врз основа на барање податоци и информации од страна на „Билд Урбан ДООЕЛ Скопје", со бр. 0801-860/21 од 26.04.2022 година, за постоење на културно наследство во границите на планскиот опфат за изработка на **УП-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1844/6 и дел од КП 1844/1, КО Немањици,** Општина Свети Николе. *Стручниот тим изврши теренски увид и доставен е извештај со мислење за понатамошно постапување;*
- Увид во плански опфат на Урбанистички проект вон опфат на **УП со намена Б5.1 -хотелски комплекси, дел од КП 2097, 2098, 2105, 2106, 2107/2 КО Делчево**, *Општина Делчево. Доставен е извештај од извршениот увид;*
- Извршен е увид во фактичката состојба на археолошкиот локалитет **„Долномаалски гробишта", с. Леуново,** *Општина Маврово и Ростуше*, загрозен со изградба и проширување на „Радика Резорт" (согласно Решение бр. 08-201/2 од 12.05.2022 год.). *Доставен е Извештај од извршениот увид*;
- Со Решение (бр. 08-287/2 од 30.08.2022) формиран е стручен тим за вршење увид и давање мислење за изработка на **Проектна документација за санација на мост бр.15, делница Велес – Градско.** *Стручниот тим изврши теренски увид и доставен е извештај со мислење за понатамошно постапување;*
- Врз основа на Барање извршен е увид во границите на плански опфат за изработка на измена и дополна на **Урбанистички план за село Саса, мала Тураница, комплекс на рудник Саса,** Општина Македонска Каменица и *изработено е Мислење за постоење на културно добро во рамките на опфатот*;

- Со Решение (бр. 08-297/2 од 02.09. 2022) формиран е стручен тим за вршење увид во границите на плански опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела 1, со намена Е1.13 – **Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија) на КП 3481/1, 3481/3, 3481/4 и 3481/5, м.в. Катушница валот, КО Ваташа**, Општина Кавадарци. *Стручниот тим изработи извештај во кој е дадено мислење и насоки за понатамошно постапување;*
- Со Решение (бр. 08-310/4 од 05.10. 2022), формиран е стручен тим за вршење увид во границите на опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за регулирање на Горен Вардар,** Општина *Гостивар. Стручниот тим достави извештај во кој е дадено мислење.*
- Со решение (бр. 08-342/2 од 25.10.2022), формиран е стручен тим за вршење увид во границите на плански опфат **за УПВНМ - комплекс со намена Г2 на КП 88/1, 88/5, 200 КО Биљановце вн**г, *Општина Куманово. Стручниот тим достави извештај во кој е дадено стручно мислење за понатамошно постапување во однос на предметниот плански опфат;*
- Со решение бр. 08-322/2 од 26.10.2022 год. формиран е стручен тим за вршење увид во граници на опфат за потребите на изработка на **Детален урбанистички план (ДУП) за Бензиска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2,** *Општина Велес. Стручниот тим достави извештај во кој се дадени понатамошните насоки за постапување во врска со конкретниот плански опфат*;
- Со решение (бр. 08-360/2 од 04.11.2022) формиран е стручен тим за вршење увид во плански опфат за **Урбанистички проект вон опфат на план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани** (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1732, 1731/1, 1731/2, 1731/3, 1731/4, 1734, 1730, 1729, 1741, 1742, 1739, 1743/1, 1747, 1746/1, 1751, 1750/1 и 1750/2 КО Марена*, Општина Кавадарци; Изработен е извештај во кој се дадени конкретни насоки за понатамошно постапување;*
- Со решение бр. 08-370/2 од 14.11.2022 год. формиран е стручен тим за вршење увид на подрачје на опфат за изработка на *Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти* **со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, на КП 524, 525, 533 и 534, КО Секулица**, *Општина Кратово: Изработен е извештај во кој се дадени конкретни насоки за понатамошно постапување*;
- Формиран е стручен тим со Решение бр. 08-400/1 од 04.12.2022, за вршење увид во постојна состојба на градежни работи, односно **земјени ископи кои се изведуваат во близина на локалитет Моклишко кале и Моклишки манастир, с. Ваташа**, *Општина Кавадарци. Стручниот тим достави извештај.*

*1.3 Увиди во бесправно изградени објекти (за легализација)*

- Извршен е увид во постојна состојба **на бесправно изграден објект на КП 10691 КО Виница.** С*тручниот тим изработи извештај кој е доставен до УЗКН;*

- Извршен е теренски увид во постојната состојба за **легализација на бесправно изграден објект на КП 1142 КО Кратово**; *Стручниот тим изработи извештај кој е доставен до УЗКН;*
- Врз основа на Барање од УЗКН, формиран е стручен тим да изврши увид во постојната состојба **на КП 1414/6, КО Кратово**, Општина Кратово, со цел утврдување статус на бесправно изграден објект (легализација). *Од страна на стручниот тим изработен е дадено мислење, извештајот е доставен до УЗКН;*
- Извршен е увид за утврдување на статус на *бесправно изграден објект* н**а ул. *Јован Алабаков*, бр. 3, во Велес** на КП 3664, КО Велес. *Стручниот тим изработи извештај кој е доставен до УЗКН.*

## *1.4 Увид во постојна состојба за изработка мислења за определување заштитно-конзерваторски услови (ЗКУ)*

- Изработено е мислење за определување на *заштитно - конзерваторски услови* за **реконструкција на улица "Тошо Куковски", КП 787 КО Кратово;**
- Изработено е мислење за определување на *заштитно - конзерваторски* ***услови*** **за надградба на објект на КП 1450/2 КО Кратово;**
- Изработено е мислење за определување *заштитно - конзерваторски услови* за конзерваторско-реставраторски интервенции на архитектурата на **црквата Св. Никола, с. Шопско Рударе,** *Општина Кратово* (*истите се определуваат врз основа на доставеното Барање од Управата за заштита на културното наследство,* односно за добивање конзерваторско одобрение целата постапка за вршење стручна контрола требаше да се повтори);
- Изработени се *заштитно-конзерваторски услови* за покривање на кровните површини на црквата **Успение на Пресвета Богородица во манастирскиот комплекс Матејче, с. Матејче** (потребата од итна изработка на конзерваторски проект е поради *настанатите деструктивни дејствија врз културното наследство при што беше извршена кражба на оловниот покривач од црквата);*
- Изработено е мислење за определување на *заштитно - конзерваторски услови* за препокривање на црквата на **археолошкиот локалитет Борче (Св. Пантелејмон), с. Никифорово,** *Општина Маврово и Ростуше,* (Решение бр. 08-78/9 од 02.06.2022 год.);
- Изработено е мислење за определување на *заштитно - конзерваторски услови* **за црквата Св. Богородица с. Дреново,** *Општина Кавадарци* се определуваат согласно програмската активност на институцијата за изработка на конзерваторски проект за заштитни интервенции на архитектурата на црквата;
- Изработка на Мислење за определување на *заштитно-конзерваторски услови* за конзервација на **археолошките содржини во дворот на црквата Св. Ѓорѓи,** Старо Нагоричане, добиено е Решение од УЗКН за издавање на ЗКУ;
- Изработка на Мислење за определување на *заштитно-конзерваторски услови* за **конзервација и презентација на надгробните камени споменици во дворот на црквата Св. Ѓорги- Старо Нагоричане,** добиено е Решение од УЗКН за издавање на ЗКУ; Забелешка: заради добивање на Конзерваторско одобрение, се повторува целата административна постапка, при што проектот повторно е предмет на стручна контрола, но со вградени заштитно-конзерваторски услови;

- Изработено е мислење за *заштитно - конзерваторски услови* за реконструкција и адаптација на **Старата железничка станица во Центар за посетители и изградба на санитарии и настрешница на археолошкиот локалитет Стоби,** општина Градско (врз основа на доставеното Барање од Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско (арх. бр. 09-38/2 од 21.02.2022 год.), а по претходно известување за постапување доставено од Управата за заштита на културното наследство);
- Изработено е мислење за определување на *заштитно-конзерваторски услови* за потребите на изработка на **Проект за паркиралиште на јужниот влез на археолошкиот локалитет Стоби**, *Општина Градско* (согласно Решение бр. 08-163/2 од 07.04.2022);
- Врз основа на доставено *Барање* од Управата за заштита на културното наследство за определување *заштитно-конзерваторски услови* **за конзервација на кровниот покривач на црквата во археолошкиот локалитет „Борче" Св. Пантелејмон во с. Никифорово** (бр.08-362 од 17.05.2022), формиран е стручен тим кој изработи заштитно-конзерваторски услови за реализација на горенаведените работи;
- Изработено е мислење за определување на *заштитно-конзерваторски услови* за **конзервација и реставрација на надгробните камени споменици во дворот на црквата Св. Ѓорги – Старо Нагоричане,** *општина Старо Нагоричане.* ***Забелешка***: заради добивање на Конзерваторско одобрение, повторена е целата административна постапка, при што проектот повторно е предмет на стручна контрола со претходно вградени *заштитно-конзерваторски услови.* Целата постапка за добивање конзерваторско одобрение е **пролонгирана и сеуште трае**, односно Комисијата за вршење стручна контрола сеуште нема доставено извештај.
- Изработено е мислење за определување на *заштитно-конзерваторски услови* за **Урбанистички проект за ул. Св. Јоаким Осоговски** (крак од раскрсница кај Градски музеј до Соларски мост), КО Крива Паланка, *општина Крива Паланка* (согласно издадено решение бр. 08-383/2 од 28.11.2022);
- Изработено е мислење за определување *заштитно-конзерваторски услови* за изработка на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на локалитетот „Градиште"** – Неготино (согласно решение бр. 08-130/3 од 21.12. 2022).

## 2. СТРУЧНА КОНТРОЛА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

*Во извештајниот годишен период од страна на НУ НКЦ - Скопје, преку Комисиски тела формирани со решение, извршени се следните стручни контроли на конзерваторски проекти:*

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за конзервација, реставрација, санација и адаптација на објект „Соколски дом" - Куманово,** изработен од ЈП Куманово – План, (*фаза Архитектура* и фаза *Градежништво*). - *Доставен е Извештај за извршената стручна контрола со кој проектот се прифаќа и препорачан е за понатамошна реализација;*
- Од страна на трочлена Комисија формирана од НУ НКЦ - Скопје *извршена е стручна контрола на* **Основен проект за адаптација на постојни административни простории во „Занаетчиски дом" во Куманово,**

изработен од ВЕКТОР ТТ дооел, увоз-извоз Куманово (техн. број 1910-39 од 2022).

- *Доставен е Извештај за извршената стручна контрола со кој проектот се прифаќа;*

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за реконструкција на индивидуален станбен објект А1 и помошен објект А5, Книга 1** - фаза *Архитектура* и **Книга 2** - *Градежно конструктивен проект*, изработени од Ротомак 2000, ДОО Куманово (техн. бр.03/2021).

  - Издадено е *Конзерваторско мислење* за овој објект *кој припаѓа во контактната зона на заштитеното недвижно добро - црква Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане;*

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за конзервација и реставрација на мозаиците и архитектурата на римска вила – домус од лок. Стакина Чешма - Валандово**, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица (бр. 08-43/1 од 27.01.2022 год.), (Решение бр. 08-51/2 од 09.02.2022).

  - *Доставен е Извештај за извршената стручна контрола со кој проектот се прифаќа*;

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за реконструкција на дел од улица Јосиф Даскалов и дел од улица Ѓорги Кратовски во Кратово**, Општина Кратово, изработен од ДПИ МГ Проект Дооел Скопје (бр. 03-102/ 2 од 17.02.2022 ),

  - *Комисијата достави Извештај со кој проектот го прифаќа;*

- Извршена е комисиска стручна контрола на **Проект за конзервација на фрескоживописот во црквата 'Св. Софија' во Охрид "** (арх. бр. 11-135/2 од 01.03.2022 год.), изработен од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид;

  - *Врз основа на наодот и мислењето во Извештајот, комисијата не го прифаќа конзерваторскиот проект за реализација. Коригирана верзија од предметниот проект не е доставена);*

- Со решение (бр. УП 08-555/2 од 03.03.2022), издадено од УЗКН, формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Проект за конзерваторско-реставраторски работи врз ѕидното сликарство во црквата „Св. Богородица" во с. Дабниште,** *Општина Кавадарци,* изготвен од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

  - *Комисијата достави Извештај за извршена стручна контрола, со кој го врати проектот на доработка*;

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за конзервација на градба, дел од Агора, локалитет Стибера, Сектор Храм, Јужна тераса, с. Чепигово,** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (бр. 10-34/9 од 31.03.2022 год.).

  - *Комисијата донесе заклучок проектот да не го прифати истиот го врати на негово докомплетирање и реорганизирање на содржинските делови. За коригираната верзија на проектот е доставен Извештај со кој проектот се прифаќа;*

- Извршена е стручна контрола на **Анекс на проектот за конзервација и реставрација на фасадниот малтер со сликана полихромна декорација во фреско-техника од манастирската црква Св. Богородица Елеуса во с. Велјуса,** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица (бр. 09 -193/2 од 05.04.2022 год.).

*- По доставената коригирана верзија на Анекс проектот, изработен е Извештај со кој проектот е комисиски прифатен;*

- Со Решение (бр. 08-147/3 од 17.05.2022) формирана е Комисија за стручна контрола на **Основен проект за изведување на конзерваторско-реставраторски работи на мозаичните подови на Епископската резиденција – Просторија 2, 3 и 4, арх. лок. Хераклеа Линкестис,** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола (бр. 08-119/2 од 22.03.2022 год.).

  *- Изработен е Извештај за извршената стручна контрола со кој проектот се прифаќа;*
- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за санација, адаптација и ентериерно уредување на објектот „Стар ан" во Кратово,** изработен од ИНГРА ДООЕЛ Скопје, (со решение бр. 08-24/3 од 06.07.2022 год);

  *- Комисијата достави Извештај за извршена стручна контрола со кој проектот го прифаќа;*
- Извршена е стручна контрола на **Заштитно-конзерваторски проект за паркиралиште на јужен влез на археолошки локалитет Стоби**, Општина Градско, изработен од НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби - Градско (од Комисија формирана со Решение бр. 08-163/5 од 06.07.2022).

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола со кој го прифаќа проектот;*
- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Проект за реконзервација и реставрација на неолитски култен објект – жртвеник од локалитетот Врбјанска Чука кај село Славеј**, прилепско, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп (со решение бр. 08-264/2 од 21.07.2022).

  - Комисијата поднесе *Извештај за извршена стручна контрола* (бр. 08-264/3 од 29.07.2022), со кој не го прифати проектот. По доставувањето на коригираната верзија на Проектот, Комисијата констатира дека во новиот состав на стручниот тим се вклучени двајца членови од НУ НКЦ Скопје. Комисијата преку известување укажа дека конкретниот Проект треба да се достави до Управата за заштита на културното наследство за понатамошна постапка поради судир на интереси (Врз основа на дописот од Државната комисија за спречување на судирот на интереси, со бр. 09-1084/2 од 10.03.2022, наш бр. 03-186/1 од 21.04.2022). *Предметниот проект е доставен во УЗКН со цел таа да формира комисија за вршење стручна контрола;*
- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за изведување на конзерваторско-реставраторски работи на два објекти во резиденцијален и комерцијален кварт во Стоби,** *Општина Градско,* изработен од НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби, *Општина Градско,* (со решение бр. 08-279/2 од 15.08.2022).

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола со кој проектот е прифатен и препорачана е негова реализација;*
- Со решение (бр. 08-285/2 од 18.08.2022) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за конзерваторско - реставраторски работи на споменичката целина Бања Банско, с. Банско, Струмица,** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица (бр. 09-315/2 од 11.07.2022).

- Комисијата поднесе *Извештај за извршена стручна контрола со кој проектот се прифаќа и дава препорака за негова реализација;*

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за конзервација, реставрација и конструктивно зајакнување на објектот-Стара железничка станица и негова адаптација во центар за постители со уредување на непосредната околина во лапидариум под новопроектирани настрешници и др. содржини на археолошкиот локалитет Стоби**, фаза архитектура „А“ и градежни конструкции „ГК“ (КП 844) КО Градско, изработен од Прима инжинеринг ДОО –Скопје.

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола, со кој го прифаќа проектот и дава препорака за негова реализација;*

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Проект за конзервација и реставрација на седум (7) престолни икони од депото за икони на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип**, изработен од НУ Завод и Музеј–Штип (со решение бр. 08-314/2 од 30.09.2022).

  *- Комисијата достави Извештај за извршена стручна контрола со кој не го прифаќа проектот.* Исто така и *доставената коригирана верзија на проектот* не се прифаќа, *поради нецелосно постапување по претходно изнесените забелешки;*

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола (согласно решение бр. 08-348/2 од 26.10.2022) на **Основен проект за поставување на информативни табли на објекти кои претставуваат културно наследство во Гостивар**, изработен од Националната установа Конзерваторски центар – Гостивар.

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола, со кој го врати проектот на доработка (коригирана верзија од проектот не е доставена);*

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Проект за конзервација/реставрација на фрагменти од фрески од црквата во урнатини на локалитетот Мал Кајаси во атарот на с. Банско, Струмица** (бр. 08-639/9 од 21.11.2022 г.) изготвен од Н.У Завод и Музеј – Струмица,

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола, со кој го прифаќа проектот;*

- Со решение бр. 08-365/6 од 14.11.2022 формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за реставрација, реконструкција и адаптација на куќа на ул. Браќа Миладинови бр. 5 на КП 774 КО Кратово,** *Општина Кратово*, изработен од БОРТАС ДОО Скопје.

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола, со кој го прифати проектот;*

- Со Решение (бр. 08-229/3 од 17.11. 2022) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен Проект за конзерваторско-реставраторски работи на објектите и бедемот на археолошкиот локалитет „Исар Марвинци“** (термален објект - *Принципиа*), Валандово, КП 1190, КО Марвинци, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица.

  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола, со кој проектот го враќа на доработка. Коригирана верзија од проектот не е доставена;*

- Извршена е стручна контрола на **Основен проект за конзеравторско-реставраторски интервенции на кровот и изведба на дренажен канал на црквата Св. Ахил Лариски, с. Требиште,** *Општина Маврово и Ростуша*, изработен од Мобил-ел ДОО Скопје (согласно издадено решение за формирање Комисија, бр. 08-136/13 од 14.11.2022).
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола, со кој го прифаќа проектот;*
- Со Решение (бр. 08-378/2 од 24.11. 2022) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен Проект за конзерваторско-реставраторски работи на објекти на североисточното плато на археолошкиот локалитет „Цареви Кули" – Струмица**, изработен од НУ Завод и Музеј Струмица.
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола со кој го прифаќа проектот;*
- Со решение (бр. 08-377/2 од 25.11.2022), формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на Централната одбрамбена кула–Пирг на археолошкиот локалитет Цареви Кули – Струмица**, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица.
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршена стручна контрола, со кој го враќа проектот на доработка и комплетирање со потребните прилози (коригирана верзија од проектот не е доставена);*
- Со Решение (бр. 08-402/6 од 20.12.2022) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за изградба на индивидуална станбена зграда – намена А1.1 – куќи со двор на ул. Климент Охридски бр.68 КП 12325 КО Битола 3**, изработен од АРХИНОВА ДООЕЛ - Битола.
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола со кој го прифаќа проектот;*
- Формирана е Комисија со Решение бр 08-387/2 од 14-12.2022 год., за вршење стручна контрола на Основен проект за **конзервација и реставрација на куќата** на **ул. Коча Миленку бр.15 КП 560/1, КО Крушево**, изработен од Генико – Прилеп.
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола со кој не го прифаќа проектот, истиот е вратен со забелешки за доработка;*
- Со решение (бр. 08-302/6 од 22.12.2022) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на **Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата на објект „Партизанска" бб на КП 2232 КО Струга** (Министерство за одбрана), изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.
  *- Комисијата поднесе Извештај за извршената стручна контрола со кој го прифаќа проектот.*

*2.1 Учество на стручни лица во Комиски тела формирани од други стручни установи за заштита и музеи*

- Учество во Комисија за вршење стручна контрола на конзерваторски проект: "**Конзервација на накит и предмети за лична употреба од етнолошката збирка на завод и Музеј – Охрид**" (бр. 10-424/6 од 29. 08. 2022 година);
- Учество во Комисија за вршење стручна контрола на конзерваторски проект: "**Конзервација на две скулптури во дрво од академик Боро Митриќески**, дел од колекција на дела од современата уметност на НУ Завод и Музеј Штип", (бр. 10-76/7 од 28. 07. 2022 година);

- Учество на стручно лице во Комисија за вршење стручна контрола на **Проект за конзервација на етнолошки предмети од дрво што се дел од постојаната етнолошка поставка на НУ Завод и Музеј Штип** (согласно Решение бр. 04-557/3 од 28.08.2022, издадено од НУ Музеј Скопје);
- Учество во Комисија за вршење стручна контрола на конзерваторски проект: "**Конзервација на Џубе – горен дел од женска облека во ориентален стил**", (бр. 04 – 541/3 од 10. 08. 2022 година).

## 3. ВРШЕЊЕ КОНЗЕРВАТОРСКИ НАДЗОР

- Врз основа на Конзерваторско одобрение издадено на НУ Конзерваторски центар Скопје, вршен е *конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита на заштитеното културно добро* ***Аквадукт - Скопје;*** *Реализацијата на работите од првата фаза кои се однесуваат на санациони мерки за стабилизација на најкритичните /инклинирани столбови од конструктивниот склоп на Аквадуктот продолжуваат;*
- Врз основа на Конзерваторско одобрение (УП бр. 08-68 од 07.03.2022г.), издадено на НУ Завод за заштита на спомениците н културата и Музеј Штип за реализација **на Основен проект** за **конзервација и реставрација на т.н. Владетелска палата на археолошкиот локалитет Градиште, с. Кнежје кај Свети Никола или Билазора** за вршење конзерваторски надзор определени се две стручни лица - **архитект и археолог** со изборно стручно звање советник конзерватор. *Доставен е извештај од конзерваторскиот надзор за првата фаза*;
- Согласно издаденото Конзерваторско одобрение (УП бр. 08-893/2021 од 17.03.2022 г.), издадено на „ЕВН МАКЕДОНИЈА" – АД Скопје за реализација на **Основен проект** за **реставрација на дел од Стариот камен мост на река Пена во Тетово, КП 3201/1 КО Тетово 1, КП 4143 КО Тетово 2** *(не се вршеше конзерваорски надзор поради недоставено известување за отпочнување* на работите);
- Вршен е континуиран конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита: **конзерваторско-реставраторски интервенции на архитектурата на црквата „Св. Никола" во с. Псача,** општина Крива Паланка (Втора фаза) од страна на стручно лице, диа - виш конзерватор, определен од НУ НКЦ Скопје. *Изработен е завршен извештај од извршениот конзерваторски надзор за втората фаза*;
- Вршен е континуиран конзерваторски надзор над реализацијата на работите на непосредна заштита на црквата **Св. Никола, с. Пласница**, втора фаза (*изведба на дренажен канал*); *Доставен е извештај од конзерваторскиот надзор за оваа фаза;*
- Во периодот на реализацијата на работите на непосредна заштита вршен е конзерваторски надзор над изведбата на конзерваторско-реставраторски работи на **Владетелската палата на археолошкиот локалитет „Градиште, с. Кнежје,** *Општина Свети Николе* (согласно издадено Решение бр. 08-141/2 од 24.03. 2022). *Поднесен е извештај за извршениот конзерваторски надзор;*
- Врз основа на издадено Конзерваторско одобрение на НУ Завод и Музеј Штип, вршен е конзерваторски надзор над реализацијата на работите на непосредна заштита: **конзерваторско-реставраторски работи на**

**базиликата *Extra Muros* од археолошкиот локалитет Баргала,** *Општина Карбинци* (согласно издадено Решение бр. 08-164/2 од 14.04. 2022 год.);

- Вршен е **археолошки надзор** на трасата за **изградба на Експресен пат Крива Паланка - Ранковце,** *на делницата Длабочица – Страцин (чатал). Поднесен е извештај од извршениот археолошки надзор;*
- Вршен е континиран конзерваторски надзор над реализацијата на работите: **конзервација, реставрација и ревитализација на конакот во Лешочкиот манастирски комплекс, с. Лешок,** тетовско (*четврта фаза*). *За оваа фаза доставен е Извештај од извршен конзерваторски надзор;*
- Со Решение издадено од НУ НКЦ - Скопје, вршен е континуиран надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита на **архитектурата на црквата Св. Архангел Михаил во Лесновски манастир**, с. Лесново, Пробиштип (*четврта фаза* – покривање со оловен лим). *Поднесен е извештај од извршениот конзерваторски надзор;*
- Со решение издадено до НУ НКЦ Скопје, вршен е конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита на архитектурата на **црквата Св. Никола с. Пласница** (изведба на дренажен канал); *Доставен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор;*
- Со решение издадено од НУ НКЦ Скопје определен е конзерваторски надзор над реализацијата на работите кај **куќата на Јосиф Даскалов бр. 58** (куќа на Граматикови) во Кратово, културно наследство во опасност. *Доставен е Извештај од извршен конзерваторски надзор;*
- Со решение издадено од Управата за заштита на културното наследство определен е конзерваторски надзор над извршувањето на работите на непосредна заштита на **североисточно бедемско платно од археолошкиот локалитет Виничко кале – Виница** *(втора фаза);*
- Вршен е конзерваторски надзор (*од страна на овластен архитект и археолог*) над реализацијата на **Основен Проект за конзерваторско-реставраторски работи на Јужниот градски бедем и Јужна порта на археолошкиот локалитет Стоби**;
- Вршен е конзерваторски надзор со Решение (НУ НКЦ бр. 08-125/3 од 10.08.2021г.) над реализација: **конзервација и реставрација на шест (6) престолни икони и северната врата на иконостасот од црквата Св. Спас – Скопје**. *По завршување- на работите од непосредна заштита е поднесен Извештај од конзерваторски надзор*;
- Вршен е конзерваторски надзор над реализацијата на **конзерваторско-реставраторските работи на архитектурата на црквата Св. Никола, с. Шопско Рударе**, Кратово (*работите од првата фаза продолжуваат*);
- Вршен е Конзерваторски надзор со Решение (УП. бр. 09-2237/1 од 28.10.2021г.), на реализацијата на **Проект за конзервација и реставрација на иконописот од поствизантискиот период (16-18 век) во регионот на Велес (Повардарска епархија), Прва фаза,** Носител на Конзерваторското одобрение (УП. бр. 09-456 од 10.06.2021г.) и изведувач е НУ Национален конзерваторски центар-Скопје. *Поднесен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор;*
- Вршен е конзерваторски надзор со Решение (УП. бр. 09-2992/8 од 16.12.2022г.), над реализацијата на конзерваторски проект: **конзервација и реставрација на делото од италијанскиот уметник Џанфранко Барукело, По Нужда**

**добродетел, 1963, 190x200 см, инв. Бр. 1864**, дело од колекцијата на НУ МСУ Скопје, со решение (УП бр. 09-2992/2 од 29.11.2022г.).

*- Носител на Конзерваторското одобрение (УП. бр. 09-1026 од 05. 12.2022г.) и изведувач на работите на непосредна заштита е НУ МСУ – Скопје.*

## 4. КОМИСИИ ЗА ПРИЕМ НА ИЗВЕДЕНИ РАБОТИ

Комисиите за прием на изведени работи на непосредна заштита на недвижното културно наследство ги формира Управата за заштита на културното наследство. Стручни лица со изборни стручни звања се ангажирани за учество во работата на комисиските тела за прием на следните работи на непосредна заштита:

- Учество во Комисија за прием на извршени работи **на *иконописни дела од поствизантиски период (16-18 век) во регионот на Велес (Повардарска епархија)*** – *I фаза,* спроведени од НУ Национален конзерваторски центар-Скопје со решение од УЗКН бр. 09 - 1826/4 од 08.08.2022 г. – Комисијата ги прифати извршените работи и достави Записник до УЗКН;
- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредна заштита: ***тековно одржување и конзервација на метални предмети од етнолошкото депо и постојаната етнолошка поставка во НУ Музеј на Р.Северна Македонија*** (УЗКН, Решение бр. 09-384/2 од 26.01.2023);
- Учество во Комисија за прием на изведените работи на непосредна заштита за извршената ***конзервација и реставрација на дваесет (20) празнични икони и на иконостасната конструкција во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с.*** *Младо Нагоричане,* општина Старо Нагоричане (II фаза);
- Учество во Комисија за прием на изведените работи на непосредна заштита **– Адаптација на дел од приземјето и отворениот двор на Музеј на град Скопје;**
- Учество во Комисија за прием на изведени работи на непосредна заштита, според ***Основен проект за конзерваторски работи и статичко зајакнување на црквата "Св. Богородица Заумска", КП 1576, КО Трпејца, Охрид.***

## 5. ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНО - КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ (ЗКО)

- Согласно Решение бр. 08-29/1 од 20.01.2022 год., изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Урбанистички план (УП) за село Моштица,** *Општина Македонска Каменица.*
  *- Основите се изработени и одобрени со решение од УЗКН;*
- Изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Урбанистички план (УП) за село Саса,** *Општина Македонска Каменица.*
  *- Основите се изработени и одобрени со решение од УЗКН;*
- Изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Урбанистички план (УП) за село Ресава,** *Општина Кавадарци.*
  *- Основите се изработени и одобрени со решение, издадено од УЗКН*;

- Врз основа на Барање доставено од *Општина Крива Паланка*, формиран е стручен тим за вршење увид и изработка на Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство во границите на планскиот опфат за изработка на **Генерален урбанистички план (ГУП) за град Крива Паланка,** *Општина Крива Паланка.*

  - Основите се изработени, *добиено е Решение за нивно одобрување од Управата за заштита на културното наследство*;
- Изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** за недвижното културно наследство на подрачјето на планскиот опфат на **Детален урбанистички план (ДУП) за Блок 10А - Крива Паланка**, *Општина Крива Паланка* (Плански период 2021-2026 година).

  *- Основите се изработени и истите со решение се одобрени од УЗКН;*
- Врз основа на барање и склучен Договор со *Агенција за просторно планирање Скопје* изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Генерален урбанистички план (ГУП) за град Кратово**, *Општина Кратово.*

  *- Предметните ЗКО се изработени и одобрени со решение од УЗКН;*
- Со решение (бр. 08-258/3 од 18.07.2022), формиран е стручен тим за изработка на ЗКО за **Урбанистички план (УП) за село Лаки**, Општина Виница.

  *- Основите се изработени и истите со решение се одобрени од УЗКН;*
- Со решение (бр. 08-259/3 од 18.07.2022), изработени се Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО) за ДУП за Блок 3** (дел од ул. Илинденска, дел од Новопланирана ул. 2003 и дел од Новопланирана ул. 2001) **КО Виница**, *Општина Виница.*

  *- Основите се одобрени со решение од УЗКН;*
- Согласно издадено решение (бр. 08-214/3 од 13.09.2022), формиран е стручен тим за изработка на Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО) со третман на недвижното културно наследство во границите на плански опфат за потребите на **Детален урбанистички план (ДУП) за блок 7-А Крива Паланка**, *Општина Крива Паланка.*

  - *Основите се изработени и истите се одобрени со решение од УЗКН;*
- Со решение бр. 08-260/4 од 26.09.2022 год. формиран е стручен тим за изработка на Заштитно-конзерваторски основи **(ЗКО) за Урбанистички план (УП) за село Долна Лешница**, *Општина Желино.*

  *- Основите се изработени и истите се одобрени со решение од УЗКН;*
- Изработени се заштитно-конзерваторски основи (ЗКО) со третман на недвижното културно наследство за потребите за изработка на **Урбанистички план (УП) за село Рајчица** со разработка на Блок 1 и Блок 2, *Општина Маврово и Ростуше.*

  *- Основите се изработени и истите се одобрени со решение од УЗКН;*

➢ Изработени се Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО) со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Урбанистички план за село Битуше**, *Општина Маврово и Ростуше.*

  *- Основите се изработени и истите се одобрени со решение од УЗКН.*

## 6. ЕЛАБОРАТИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА/РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

Освен Елаборитите за валоризација/ревалоризација предвидени во рамките на Годишната програма за работа за 2022, изработени се уште два елаборати:

- Изработен е **Елаборат за ревалоризација на село Горно Врановци,** *Општина Чашка* и Предлог за донесување Акт за прогласување на Споменичката целина - село Горно Врановци за **културно наследство од особено значење**, поткатегорија **големо значење;**
- Во фаза на изработка е **Елаборат за валоризација на црквата „Св. Ахил Лариски“ во с.Требиште**, *Општина Маврово и Ростуша* (согласно Решение 08-136/1 од 17.03.2022 год.). *Елаборатот е вратен на доработка и коригирање на одредени содржински делови.*

## 7. ИЗРАБОТКА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ:

- Надвор од дефинираните проектни активности во Годишна програма за работа за 2022 год., а на Барање на Министерството за култура, дополнително беше пристапено кон изработка на **Основен Проект за конзерваторско-реставраторски работи - препокривање на кровните површини на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Манастирот Матејче, во с. Матејче**, *Општина Липково* (согласно Решение за формирање на стручен тим, арх. бр. 08-25/6 од 07.03.2022 год.),

- **Проектот е изработен**, Комисија за вршење стручна контрола достави Извештај со кој го **прифаќа** проектот; **добиено е Конзерваторско одобрение** од УЗКН за реализација на заштитните интервенции на кровните партии. (Забелешка: иако црквата/манастирскиот комплекс е прогласена за **културно наследство во опасност (заради вандалски чин оставена е без кровен покривач),** финансиски средства за повторно покривање на црквата со оловен лим не се обезбедени во текот на 2022 год.) .

- Врз основа на барање од инспекциската служба при УЗКН и дополнително одобрени финансиски средства од МК **изработен е *конзерваторски проект за заштита на Меморијалниот центар „12 Ваташки младинци“, с. Ваташа – Кавадарци.*** *Проектот е доставен во УЗКН со цел да формираат Комисија за вршење стурчн контрола.*

## 8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

1. *Заштитни археолошки истражувања*

- Изработена е **Програма за заштитни археолошки истражувања на проширениот опфат за Депонија на индустриски инертен и неопасен отпад за потребите на стопански комплекс „Еуроникел – Индустри**, КО Шивец, Општина Кавадарци.
  - Со Решение (бр. 08-17/6 од 31.05. 2022), формиран е стручен тим за реализација на **заштитни археолошки истражувања на позиција на проширен опфат за потребите на Еуро Никел Индустри – Кавадарци**, КО Шивец, Општина Кавадарци.
  - Заштитните археолошки истражувања се реализирани согласно програмираната динамика (во период од *06.06.2022 до 18.07.2022*), *од страна на раководителот на стручниот тим поднесен е извештај за видот и обемот на реализираната активност.*

2. *Меѓуинституционална соработка со сродни и др. институции:*

- Потпишан е **Меморандум** за соработка помеѓу: Амбасадата на Народна Република Кина во Р.С Македонија, Кабинетот на Претседателот на Р.СМ и НУ НКЦ Скопје во сферата на заштита на културното наследство – конкретно за **конзервација и реставрација на Спомен куќата на Ѓоргија Пулевски во Галичник**; *Проектот е во фаза на изработка.*

- Потпишан Договор за соработка со НУ Национална галерија на Македонија (НУ НГМ) за реализација на ***Основен проект за изведување на конзерваторско-реставраторски работи на 122 дела од спомен куќата на Лазар Личеноски"*** *- Скопје бр.10-361 од 15.11.2021 год. од НУНГМ на РСМ наш бр. 03-91/2 од 30.08.2022- ваш бр. 03-394/1 од 28.08.2022год*

  *- Согласно Решение за формирање стручен тим бр.08-91/3 издадено од НУ НКЦ-Ск.,* започнато е со непосредна заштита на ликовните дела*: во текот на 2022 година во лабораторијата за штафелајно сликарство се отпочна со непосредна заштита на 13 ликовни дела.*

3. *Стручна помош*

- од Централната хемиска лабораторија

  - Хемиски анализи за потребите на конзерваторски проект: **Проект за конзервација/реставрација и презентација на фрагменти од фрески од средновековната црква од археолошкиот локалитет Мал Кајаси,** с. Банско, Струмица, доставени примероци од нУ Завод и Музеј Струмица; (НКЦ бр. 08-339/1 од 14.10.2022);
  - Хемиски анализи за потребите на конзерваторски проект: **Проект за конзервација и реставрација на неолитски култен објект – Жртвеник од локалитетот Врбјанска Чука** кај село Славеј, Прилепско" (НКЦ бр. 08-350/1 од 21.10.2022);
  - Биолошки анализи на материјал од **неолитски култен објект – жртвеник, локалитет Врбјанска Чука,** с. Славеј Прилепско, доставен од НУ Завод и Музеј Прилеп;
  - Хемиски анализи за потребите на конзерваторски проект: **Конзерваторски проект за архитектурата на црквата „Св. Никола" и трпезаријата во с. Загорани** (НКЦ бр. 08-335/1 од 27.10.2022);
  - Физичко – хемиски анализи за потребите на "**Проектот за конзервација и реставрација на седум престолни икони од депото за икони на НУ Завод и Музеј – Штип"**

## III. ОРГАНИЗАЦИСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

➢ **Седници на Управен одбор на НУ НКЦ – Скопје**

- Од страна на Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје, во периодот од **01.01. – 31.12.2022 година** беа одржани **7 (седум)** седници на УО:
  - **106 седница** - 28.01.2022 година
  - **107 седница** - 07.03.2022 година
  - **108 седница** - 14.03.2022 година
  - **109 седница** - 30.06.2022 година
  - **110 седница** - 08.11.2022 година
  - **111 седница** - 16.12.2022 година
  - **112 седница** - 21.12.2022 година

➢ **Стручниот совет на НУ НКЦ Скопје** одржа неколку работни состаноци за разгледување на различни проблемски аспекти од стручен карактер за НУ НКЦ Скопје,

➢ **Спроведување на јавни набавки:**
Реализирани се повеќе јавни објави за набавка на:
- *канцелариски материјал; препарати/средства и др. вид на материјали за потребите на хемиската лабораторија и за конзерваторско-реставраторски интервенции на ѕидното сликарство и иконите; ХТЗ опрема за вработените стручни лица*;
- избор на *Агенција за физичко обезбедување на установата и Авторска агенција,*
- како и објавување на тендери за избор на *најповолна градежна фирма за извршување работи на непосредна заштита на архитектурата за недвижните културни добра* (согласно проектите за реализација и висината на одобрени финансиски средства во Годишната програма за работа на установата за 2022).

➢ **Формирани се три Комисиски тела за попис** на:
- *архивски материјал за 2022,*
- *основни средства, ситен инвентар и залихи на материјали за 2022,*
- *парични средства во благајната и сметките на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, како и на обврските и побарувањата во деловната 2022 година, доставен е извештај од пописната комисија.*

➢ **Архивско работење**:
- Во Архивата на НУ НКЦ Скопје во 2022 год. вкупно се изврши заверка на 422 броеви и 2267 под броеви
- Отворени се 347 патни налози и 142 налози за теренска работа.

➢ **И зработена е Нацрт - Годишна програма за работа на НУ НКЦ - Скопје за 2023 година за финансирање на проекти од Министерството за култура.**

## УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ ФОРМИРАНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

- Членство во работата на *Националниот совет за културното наследство* (решение бр.14-3677/2 од 17.05.2022);
- Учество на членови во *Рецензионата комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања* во областа на заштитата на културното наследство (со решение бр. 32-12775/1 од 16.12.2022);
- Учество во работата на *Комисијата за финансирање проекти од Годишната програма за работа за 2023 на Националните установи за заштита на недвижното културно наследство;*
- Членство во *Национален совет за ревитализација на Старата Скопска чаршија*

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- Учество во меѓународниот проект *„Знаења, заштита и истакнување на старите градски јадра во Република Албанија и во Република Северна Македонија“* спроведуван од Француската национална асоцијација Sites & Cités (2022)

## МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, НАУЧНИ СОБИРИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ:

- Учество на стручно лице и предавање на тема „Студија на случај: Црквата Св. Софија во Охрид – фокус“, *Модул II: Конзервација на културното наследство*, организиран од Центарот за конзервација и реставрација „Ла Венариа Реале“, Торино, Италија, во соработка со Управата за заштита на културното наследство, ИКОМОС Македонија и Фондацијата Сантагата од Торино, Италија, одржано предавање на 28 април 2022 година.
- Учество на стручни лица на Научниот собир „Сеопфатна заштита на материјалното културно наследство засновано врз мултидисциплинарни научни сознанија“, во организација на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, одржан на 27-28 мај 2022, со трудот: „Од конзерваторски истражувања до реализација – преку примерот на црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричане“,
- Учество на International Scientific Conference “75 Year Jubilee of the Institute of Art History and Archaeology”, во организација на Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, одржана во Дојран, 12-14 октомври 2022 година, со трудот: “Apocalyptic Scenes in the Composition of the Last Judgement”.
- Учество на Трета малореканска школа – По патеките на Дичо Зограф (3.09. - 07.09.2022, Бигорски манастир Св. Јован Крстител).

**ДИРЕКТОР**

м-р Мемет **СЕЛМАНИ**
Mr.sc Memet **SELMANI**